Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 17.05.2024

На 16.05.2023 во 16.00 часот на ул.„Христијан Карпош" во Штип, полициски службеници од Отсекот за општ криминал и Полициската станица Штип при СВР Штип ја лишиле од слобода Џ.С.(23) од Кочани. Таа се сомничи дека на 15.05.2024 извршила кривично дело „разбојништво" над Л.М.(69) од Штип, при што физички ја нападнала и ѝ ја одзела чантата со пари и документи. Џ.С. била задржана во Полициската станица и во службен разговор го признала делото. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственичката. По целосно документирање на случајот, против Џ.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (17.05.2024) во 01.10 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле до слобода Д.А.(36) од Кавадарци. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна од два години. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Гевгелија за издржување на казната.

Денеска (17.05.2024) во 02.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2024 во 11.00 часот во Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар го приведе В.К.(24) од Дебар, затоа што при преглед во неговиот автомобил „фолксваген голф", со дебарски регистарски ознаки, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.05.2024 во 01.10 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ја лишиле од слобода Д.Б.(24) од Кавадарци, затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и марихуана. Известен е јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Кавадарци и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2024 во 18.30 часот на ул.„Смилевски конгрес" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Н.Ѓ.(21) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.05.2024 во 21.55 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Д.М.(26) од Република Албанија, затоа што по извршени проверки било констатирано дека во оперативната евиденција е со мерка апси по барање на Интерпол – Париз, Франција. Лицето било спроведено во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 108 мерки, меѓу кои девет мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, седум мерки за користење на мобилен телефон при возење, осум санкции за некористење на сигуросен појас...

На 16.05.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Штип – Скопје, во близина на клучка „Коњари", патничко возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, управувано од З.Ј.(39) од Кочани, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Л.Ј.(60) од Кочани, додека другиот сопатник Г.Ј.(64) од Кочани се здобил со телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.05.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ј.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Тодор Чангов" во Скопје, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.05.2024 во 20.30 часот во Полициската станица Велес, З.У.(49) од с.Горно Оризари, веднаш, пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.05.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Велес, М.Д.(20) од Велес пријавила дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес била касната од куче скитник.

Денеска (17.05.2024), Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал - Сектор за криминалистички истраги - Единица за недозволена трговија со дрога до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против три лица од Кавадарци и Неготино, поради постоење на основи на сомнение дека сториле кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Имено, во периодот од јануари до април 2024 година лицата се здружиле заради неовластена продажба и пуштање во промет на марихуана и кокаин и за таа цел купувале, држеле, пренесувале, продавале и посредувале во неовластена продажба на дрога. За време на спроведувањето на криминалистичкото истражување обезбедени се материјални докази и утврдено е дека во наведениот период пријавените пуштиле во промет поголема количина на кокаин и марихуана. Лицата ќе бидат спроведени пред судија за претходна постапка.

На 16.05.2024 во 10.45 часот во Полициската станица Берово, И.Б.(80) од Скопје пријавил дека во стар објект – воденица, во негова сопственост во с.Владимирово, пронашол рачна бомба. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ја подигнал бомбата и констатирал дека станува збор за рачна бомба со потекло од Првата светска војна.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Љ.А.(47) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При преглед во неговото возило, извршен на улица „Петар Ѓоѓески Гиле" во Струга, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога пронајдоа и одзедоа хероин.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Н.Н.(47) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 05.05.2024 во близина на угостителски објект на улица „Скопска" во Струга, пријавениот физички го нападнал Р.М.(39) од Струга.

На 17.05.2024 во 05.20 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на автопатот Неготино - Демир Капија, патничко возило „рено" со српски национални ознаки, управувано од А.Ц.(47) од Република Србија, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Х.Л.В.(68), додека возачот и сопатникот А.В.(43) и В.Л.(54) од Република Србија се здобиле со телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Неготино. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од ОВР Неготино.

На 16.05.2024 во 12.30 часот во ОВР Прилеп, 76 – годишна жена од Прилеп пријавила дека била измамена од едно машко лице за сума од 380.000 денари. Според пријавеното, на 15.05.2024 лицето телефонски ѝ се јавило и, претставувајќи се како полициски инспектор, ѝ кажало дека нејзината внука во сообраќајна несреќа во Охрид удрила дете-мигрант. Како што е пријавено, тој, исто така, откако ѝ кажал дека родителите на детето барале пари, а доколку не им даде нејзината внука ќе одела во затвор 10 години, таа се согласила и следната вечер во нејзиниот дом дошло женско лице на кое му ги дала парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (17.05.2024) во 02.30 часот пред угостителски објект во Градски парк - Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода А.М.(20) од Скопје, затоа што го нарушил јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и И.Д.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2024 во 13.04 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје било пријавено дека кај нив со тешка телесна повреда бил донесен З.Ѓ.(44) од Велес. Според пријавеното, тој се здобил со повредата при извршување работни задачи во приватна фирма на подрачјето на Ѓорче Петров. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото, а за настанот бил запознаен и трудов инспектор.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ќ.С.(29) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 08.07.2023 во с.Јосифово, неготинско, полициски службеници запреле патничко возило, во кое сопаник бил С.П.(24), кај кого при преглед биле пронајдени и одземени марихуана и метилен-диоксиметамфетамин, кои си набавил од пријавениот.

На 15.05.2024 во 01.15 часот во СВР Скопје, 38-годишна жена од Скопје пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од својот невенчан сопруг И.Р.(33) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (17.05.2024) во 03.00 часот во СВР Скопје, Џ.Џ.(34) од Скопје пријавила дека на 16.05.2024 околу 21.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, поради претходни недоразбирања, била физички нападната од А.Ш.Ј., која го оштетила и нејзиното возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.И.(54) од Битола, вработен во Клиничка болница Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „послужување во службата". На 03.07.2023 пријавената, без одобрение од одговорни лица, на главна расправа во Основен суд Битола, се послужила со службена документација која неовластено ја одзела од болницата.

На 16.05.2024 во 22.45 часот во СВР Скопје, 49 – годишен жител на скопско село пријавил дека околу 22.00 часот во неговиот дом, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот малолетен внук од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Казнено - поправната установа Затвор Идризово, осуденикот А.Б.(35) од Скопје бил физички нападнат од осудениците З.Р. и К.Л.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Г.К.Д.(55) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „одземање или уништување на службен печат или спис". На 14.02.2024 во просториите на АД „Пошта на Република Северна Македонија" во Ресен, пријавениот противправно одзел и скинал писмо наменето за неговата сопруга.

На 16.05.2024 во 13.10 часот во СВР Скопје, Ф.Ч.(48) од Скопје пријавил дека на паркинг простор на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од Џ.М.(41) и Б.М.(39), двајата од с.Арачиново, скопско, при што едниот од нив употребил тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2024 во 11.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ш.Д.(54) од Скопје пријавила дека од нејзиниот дом се оддалечила нејзината штитеничка С.Ш.(16), која ѝ била доделена за згрижување од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, а која и претходно се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ј.П.(63) и С.П.(58), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „попречување на правдата". На 29.04.2024, пријавените физички го нападнале А.Ч. и му упатиле закани со намера да влијаат врз исказ за постапка која се води против нив во суд.

На 16.05.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Центар во Скопје бил пронајден починат В.М.(65) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.К.(38) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 11.01.2024 на автопатот Велес – Градско, при сообраќајна контрола, пријавениот приложил неважечка возачка дозвола.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет